# **Соопштение**

## **за ВТОРАТА (јунска) испитна сесија во учебната 2020/2021 година**

се известуваат редовните и вонредните студенти на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека ВТОРАТА (летна) испитна сесија во уч. 2020/2021 година ќе се одвива во две декади и тоа:

Втора испитна сесија 7 јуни 2021 - 2 јули 2021 (две декади)

- 18.06.2021 година е неработен ден, Духовден (петок пред Духовден)

**Термините** ги објавуваат институтите при факултетот. При правењето на распоредот треба да се внимава помеѓу двата термини, да има минимум 10 дена.(согласно чл. 45, од од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 ).

Студентите во втората испитна сесија, можат да полагаат испити, од предмети слушани во зимскиот и во летниот семестар во уч.2020/2021 година.

Студентите за да можат да пријават испит, треба да им е уредно запишан летниот семестар во учебната 2020/2021 година, како и да имаат уредно добиено електронски потпис.

НАПОМЕНА Вонредните студенти и редовните студенти, кои се префрлени по нова студиска програма, при пријавување на секој испит заедно со пријавата за испит треба да достават уплатница за уплатени 200,00 денари за испит, уплатени на жиро-сметката на ПМФ.

**сите уплати се вршат на образец ПП50:**

| | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – Скопје |
| - банка на примач | НБРМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетски корисник на ПМФ | 1600110804 788 19 |
| - приходна шифра програма начин | 723013 - 41 – 2 |

## **ЕЛЕКТРОНСКОТО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИТЕ**

Втората испитна сесија во уч.2020/2021 година, во i-know системот www.iknow.ukim.edu.mk,, е внесена како **(Летна) Втора испитна сесија 2021**

и електронското пријавување на испитите, ќе се одвива од **14.05.2021 до 04.06.2021 година**, и е **задолжително за сите** студенти на ПМФ.

Доколку, студентот не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од одредена предметна програма и не добил потпис, не може да пристапи на испит (согласно чл. 39, од од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 ).

Студентот покрај задолжителното електронско пријавување на испитот, на денот на полагање на испитот треба да носи со себе, индекс и пријава за испит (хартија) ако испитот се спроведува со **физичко присуство**.

Доколку испитот се спроведува **„on line“/ електронски**, пријавата за испит (хартија), студентот, дополнително ќе ја достави во термин, кој ќе биде објавен од предметниот наставник.

Официјалниот распоред на испитите по денови, начинот на реализирање, просториите во кои ќе се одвиваат истите, ќе биде објавен на веб страниците на институтите на ПМФ.

Испитните сесии ќе биде спроведени со строго почитување на сите предвидени мерки од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука и согласно Одлуката за уредување и доуредување на прашањата поврзани со начинот на работа и реализиацијa на дејностите на ПМФ во Скопје, согласно со мерките на надлешните органи за спечување на внесување и ширење на короновирусот CoVid-19 (Универзитетски гласник бр.504, 22 април 2020 година).

Доколку имате проблеми поврзани со студиската програма (предмети, испити и сл.) пратете електронска порака со опис на проблемот, број на индекс, студиска програма за студентите на студии по:

- математика, физика, математика-физика - keti@pmf.ukim.mk,
- биологија, биологија-хемија, етнологија и антропологија – lidija.mitevska@pmf.ukim.mk,
- хемија, географија - ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk;

За технички проблеми (заборавена лозинка, промена на мејл адреса и сл.), во пораката задолжително да се напише опис на проблемот, име и презиме на студент и мејл адреса со која е регистриран во системот.

- stefan@pmf.ukim.mk

**Кратко упатство**: поле "пријави" студентот треба да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. На оваа страница се евидентираат сите испратени пријави од студентот за полагање на одредени предмети. Пријавувањето на предметите за полагање е овозможено само во период означен од студентската служба. Во табела се прикажуваат сите предмети кои сте ги слушале и можете да ги пријавите. Предметите кои сакате да ги пријавите ги чекиравте во полето од последната колона и од паѓачкото мени со понудени професори го избирате оној кај кој сте го слушале предметот. Со кликање на копчето "пријави" одбраните предмети се пријавуваат за следната сесија. Подоле во табела се прикажуваат сите пријавени предмети за следниот семестар.

14.05.2021 година

од Деканатот